**20140250889**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 68 став (3) точка б) и 99 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 ,13/2013 и 164/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 20.1.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за надоместоци за задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2013) во член 6 ставот (2) се менува и гласи:

„Чуварот на имот, секој прв работен ден во месецот, врши пресметка на надоместокот за управување со средства на пензискиот фонд кој е достасан и кој треба да го пренесе на сметката на друштвото.“

Во ставот (3) точка б) зборовите: „износот даден од Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „пресметката направена од чуварот на имот“.

Ставот (4) се менува и гласи:

“Чуварот на имот ги известува друштвото и Агенцијата за износот на надоместокот доколку износот на фактурата не е еднаков со износот од информацијата од Агенцијата и направената пресметка од чуварот на имот. Доколку е потребна корекција на износот на фактурата, друштвото веднаш доставува нова фактура, по што чуварот постапува согласно ставовите (1) и (3) од овој член.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-13/6
28 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши** с.р.